# НОВО СРЦЕ



**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 109,  Дата: 05. 12. 2011.**

## Бескорисни и бизарни изуми 2

Во еден од нашите претходни броеви (бр.105) веќе зборувавме на оваа тема, каде што спомнавме дека покрај многу брилијантни изуми, постојат и бескорисни и бизарни изуми, кои се неупотребливи во повеќе случаи. Бидејќи ни беа предложени и некои нови, „досетливи“ направи, нив ви ѓи претставуваме во овој број, под наслов „бескорисни изуми 2“.



- **Бастун за стари луѓе, со тркалца**

Овој изум треба да им овозможи на старите лица полесно да го придвижуваат бастунот, со помалку напор; без да мора да го подигаат од земјата и да ризикуваат да ја изгубат рамнотежата. Но, со овој бастун на тркала веројатно ќе се постигне токму спротивниот ефект: невозможно е да се потпрете на овој бастун, бидејќи тој секогаш ќе се „оттркала“ пред вас. Можеби сепак бастунот ќе се најде интересен и забавен за децата, кои ќе си играат со него, туркајќи го по улиците.



- **Универзален клуч, на батерии**

Овој клуч ќе ве спаси од многу физичка работа Наместо да се потите и рачно да го прилагодувате универзалниот клуч, само притиснете го копчето, и тој сам ќе се прилагоди на големината на шрафот.
Се разбира, после тоа ќе мора сами, рачно да одвртувате со клучот, но барем сте се спасиле од „потешкиот дел“ од работата.
Реално гледано, со овој изум не добивате никаква посебна помош.



- **Механички кршач за јајца**

Што би правеле без механичкиот кршач за јајца? Со него работите се многу поедноставни. Само треба да го купите, да го пронајдете низ фиоките во вашата кујна, да го отворите, да го ставите јајцето, да го затворите, да го свртете наопаку, да истечат жолчката и белката, пак да го отворите, да ја извадете лушпата, потоа да го измиете кршачот... едноставно нели !?  Можеби овој изум ќе биде привлечен барем за оние кои не ја користат ивицата од чинијата, за да скршат јајце.



- **Механички пингвин, за вреќички за чај**

По се изгледа, нема крај на бизарните „помагала“ за во кујната. Механичкиот пингвин ја вади вреќичата со чај, од вашата шоља, во точно определено време, за вие да не се мачите и да не трошите непотребно калории. Освен симпатичниот изглед на оваа „играчка“, не може да се зборува за некоја практична примена.

Изумите кои се презентирани во овој напис, веројатно поаѓаат од идејата дека луѓето се мрзливи или неспособни, па дури и за наједноставните физички операции им се потребни модерни „помагала“. Но наместо да ја олеснат работата, најчесто тие ја усложнуваат.

Од друга страна, Бог не го замислил човекот само да се излежува, а околу него да има машини кои ќе реагираат и за најмалата потреба. Па дури и во рајската (Еденската) градина, Бог го постави човекот..*„за да ја обработува и да ја чува“* (1-ва книга Мојсеева 2:15). Затоа не очајувајте ако морате јајцето да го скршите со рака, или да извадите вреќичка за чај. Барем до толку, Бог ве направил способни и силни. А за другото, постојат изуми ☺ .

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440.  Е-пошта : novosrce1@gmail.com**